УДК: 550.34(497.711):69.059.7]:341.232(100)"1963"

Катерина Мирчевска
Институт за национална историја, Скопје
k.mircevska@yahoo.com

Љубица Јанчева
Институт за национална историја, Скопје
jancevaljubica@yahoo.com

# СКОПЈЕ 1963: ЕДНА МАНИФЕСТАЦИЈА НА КОНЦЕПТОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОЛИДАРНОСТ

Доколку некој град ја има привилегијата да го носи називот „град на солидарноста“ тоа несомнено е Скопје, постземјотресно Скопје, кое изникна од урнатините со заеднички влог на неговите жители, на сите граѓани на СРМ и на ФНРЈ, но и со огромен придонес на меѓународната заедница.

Интересот, сочувството и желбата да се помогне добиваат извонредна интернационална димензија уште на самиот ден на земјотресот што е осведочено и од Крсте Црвенковски, актуелен прв човек на Централниот Комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, кој во своите сеќавања за скопскиот земјотрес го вели следното: „уште првиот ден веста... се прошири во сите делови на земјината топка и добиваше (дотогаш без преседан), огромни меѓународни размери на солидарност... почнаа да се најавуваат екипи, па и авиони“.[1]

Всушност, меѓународната помош имала голем удел во надминувањето на последиците од земјотресот. Огромни количини крвна плазма, лекови, облека, шатори, храна, механизација, цели тимови за помош и стручни лица од разни профили пристигнувале во Скопје секојдневно.[2] „Тоа беше време на голем ентузијазам и невиден космополи-

---

[1] Црвенковски, Томовски 2003, 231.

[2] Јордановски 1998, 128.

тизам. Во Скопје почна да врие како во кошница – каков сѐ милет не се насобра", се сеќава Црвенковски.[3] Видот и количините на помошта се менувале во зависност од потребите поврзани со нормализацијата на животот на граѓаните, како и од потребите што произлегувале од фазите во процесот на обновата. Како меѓународна помош се донирале и монтажни станови и објекти, градежни конструкции и материјали, трајни објекти, уметнички дела и финансиски средства. Вредноста на оваа помош, која пристигнувала со посредство на Црвениот Крст на Југославија, е проценет на износ над 500.000.000 динари, донирани од 82 странски земји и од голем број хуманитарни институции.[4]

Така, меѓу препознатливите објекти, изградени како подарок од странските земји, се вбројуваат Драмскиот театар (СССР и Велика Британија) и Домот на младите „25 Мај" (СССР), поликлиниката „Букурешт" (Романија), Гинеколошко-акушерската клиника во Чаир и основното училиште „Јан Амос Коменски" (Чехословачка), средното хемиско училиште „Марија Склодовска-Кири" и Музејот на современата уметност (Полска),[5] спортската сала „Партизан" во Карпош (Франција), Гимназијата „Ѓорѓи Димитров" (Бугарија), Универзалната сала (подарок од 35 држави), детската градинка „Копенхаген" во Маџари (Данска), детската болница „Козле" (Шведска и Норвешка), Сообраќајниот воспитен центар (СР Германија и ДР Германија), основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци" (Швајцарија), базенот во Карпош (Белгија и Холандија); „Детското село" на Водно (Гана, Либија, Бурма, Индија и Кувајт) и други.[6]

Меѓународната помош е вткаена и во новиот Генерален урбанистички план, реализиран преку Меѓународниот консултативен одбор за обнова и изградба на Скопје, Специјалната програма на ООН за обнова на Скопје и изготвувањето на Урбанистичкиот план. Проектот за реконструкција на централното градско подрачје станал предмет на меѓународен конкурс, но сепак, конечното урбанистичко решение било сработено од страна на Заводот за урбанизам и архитектура на Скопје во консултации со првонаградените на меѓународниот конкурс, кое е усвоено од Собранието на Град Скопје во 1967 година.[7]

Покрај посредувањето во примањето и распределувањето на меѓународната помош, за одбележување е и особената инволвираност на

---

[3] Црвенковски, Томовски 2003, 234.

[4] Јордановски 1998, 128.

[5] Мирчевска, Јанчева 2013, 239–246, 243.

[6] Јордановски 1998, 128-129.

[7] Мирчевска, Јанчева 2018, 18-19.

организацијата на Црвениот крст на Југославија и во активностите околу укажување прва помош на населението. Имено, преку Црвениот Крст на Македонија и во координација со другите републички организации, таа најнепосредно се вклучила во спасување на повредените, во обезбедување медицински материјал, крв и крвна плазма, храна и вода, лекови и средства за дезинфекција, облека и средства за лична хигиена. Екипи на Црвениот Крст биле ангажирани и во организирање и сместување на граѓаните во импровизирани шаторски населби, каде, заради поголема ефикасност, биле исто така формирани нејзини организации.[8] Во нејзина организација се одвивала и евакуацијата и згрижување на децата и неработоспособното население во другите југословенски републики. Имено, децата на училишна возраст, мајките со мали деца, старите, болните и изнемоштените лица биле привремено евакуирани во приватни домови, училишта, интернати, детски одморалишта, објекти на Феријалниот сојуз, летувалишта, здравствени институции во СР Македонија, но и во другите делови од земјата. Евакуацијата се реализирала во периодот од 26 јули до 9 август и опфатила околу 105 000 лица,[9] вклучително околу 30 000 деца.[10]

Презентираниот документ преставува една информација селектирана од обемниот архивски материјал на организацијата на Црвениот Крст на Југославија, депониран во Државниот архив на РСМ – Одделение Скопје, во состав на фондот „Билтени за одразот на земјотресот во домашниот и странскиот печат“, заведен под бр. 235. Текстот фрла светлина врз посочените домени од активноста на оваа организација, која како главен посредник на хуманитарната помош за Скопје, била вклучена во нејзините аспекти најпосредно по земјотресот, но и потоа.

Првиот дел на документот содржи информации за меѓународната помош на држави, организации и поединци, донирана или најавена во првите неколку денови по земјотресот, додека вториот дел – податоци за непосредната инволвираност на организацијата во укажувањето итна помош на самиот терен и во евакуацијата на населението во периодот од 26 јули до 1 август 1963 година.

Оригиналниот документ е на српски јазик, во обем од осум страници, запишан на машина за чукање. Приложен е во оригинална форма, во превод на македонски јазик, со објаснувања приложени во фусноти

[8] Саити, https://ckrm.org.mk/skopje-pred-i-posle-zemjotresot/

[9] Матковски 1964 , 83.

[10] Димитријевски, Ѓурковска, Иванова 2016, 59.

под текстот и со сигнатурата под која е заведен во архивската институција, наведена на крајот од текстот.

ИНФОРМАЦИЈА

за активноста на Југословенскиот Црвен крст
по повод несреќата во Скопје

По дознавањето за катастрофата во Скопје, Централниот одбор[11] презеде чекори за давање помош на настраданите од земјотресот и за мобилизација на организацијата. Веднаш се поврза со Сојузниот штаб[12] и ги упати главните одбори да се поврзат со соодветните штабови[13] и да ги координираат активностите.

Организацијата на Црвениот крст на Србија е особено мобилизирана во прифаќањето на настраданите.

Истовремено, преку телеграф за несреќата е известена и Лигата на друштвата на Црвениот крст во Женева и испратени се првите информации. Уште пред примањето на нашата телеграма, самоиницијативно и лично се јави Генералниот секретар на Лигата и упати апел до сите национални организации за итна помош.

Веќе првиот ден, низа национални организации испратија изјави на сочувство и итна помош во лекови, санитетски материјал и персонал, со специјални авиони. Досега, 41 национална организација изјавила сочувство и тоа: 23 веќе испратија помош, 9 најавија помош, а 9 испратија само телеграми со сочувство. (прилог 1, преглед по земји).

Заедно со пратките, 6 организации упатија и свои претставници за лично да се договорат околу потребите за следната помош и тоа: потпретседателите на Бугарскиот, Чехословачкиот и на Унгарскиот Црвен крст; Генералните секретари на Австрискиот и на Норвешкиот Црвен крст; Претседателот на Баварскиот Црвен крст; функционери на Романскиот Црвен крст. Претседателот на Црвениот крст на Советскиот Сојуз, разговараше по телефон со Претседателот на Централниот одбор, д–р Павле Грегориќ.[14]

---

[11] Централен Одбор, главно раководно тело на Југословенскиот Црвен Крст.

[12] Сојузен Штаб за одбрана од елементарни непогоди.

[13] Републички штабови за одбрана од елементарни непогоди.

[14] Павле Грегориќ (1892-1989) – хрватски лекар, комунист, општествено-политички работник на СР Хрватска и на СФРЈ, носител на Орден на социјалистичкиот труд

Исто така, во името на своите национални организации и претставници на многу амбасади контактираа со Централниот одбор поради договори за карактерот на помошта.

Освен друштвата на Црвениот крст и други хуманитарни организации од национален или интернационален карактер испратија итна помош, а покрај тоа и свои претставници заради договори за натамошна соработка.

– "Caritas Internacionalis"[15] од Рим, испрати свој претставник кој донесе пратка со лекови и по посетата на Скопје, нарача шатори во вредност од 4500 долари.

– Претседателот на „Норвешката народна помош",[16] д–р Јон Карспенсен исто така го посети Скопје и нè извести дека веднаш ни ставаат на располагање 50.000 норвешки круни, дека ќе преземаат натамошни активности и дека нивната помош ќе се реализира со набавка на монтажни згради.

– Организацијата на Евангелистичката црква на Западна Германија[17] испрати тројца претставници со пратка од 4 вагони со помош. Тие исто така го посетија Скопје и ветија дека во најскоро време ќе испратат помош во монтажни згради.

– Претставници на мисијата CARE,[18] на Светската служба на црквите[19] и на Лутеранската светска помош,[20] кои се трајно акредитирани

---

и народен херој на Југославија. Бил долгогодишен претседател и доживотен почесен претседател на Југословенскиот Црвен Крст.

[15] Caritas Internationalis – неполитичка, независна хуманитарна организација која ги обединува националните "Caritas" организации на повеќе земји во светот, тесно поврзана со Католичката црква. Формирана е во 1897 г. во Германија.

[16] Норвешка народна помош (Norsk Folkehjelp) – норвешка неполитичка хуманитарна организација активна во повеќе земји, формирана во 1939 г. како хуманитарна организација во рамки на работничкото движење.

[17] Евангелистичка црква на Германија (Evangelische Kirche in Deutschland) – сојуз на лутерански, обединети (пруска унија) и реформирани (калвинистички) протестантски црковни заедници во Германија, формиран 1948 г.. Во периодот 1968-1991 г. е поделен меѓу Сојузна Република Германија и Германската Демократска Република и по 1991 г. повторно обединет.

[18] CARE (Cooperative for Assistance and Relief Everywhere) – меѓународна невладина хуманитарна организација која обезбедува итна помош и долгорочни проекти за меѓународен развој. Основана е во 1945 г.

[19] Се однесува на Светскиот совет на црквите (The World Council of Churches) – меѓународна организација составена од протестантски, православни и старокатолички цркви во повеќе земји, основана во 1948 г. во Амстердам, со седиште во Женева.

во Белград, првиот ден го посетија Централниот одбор и ги ставија на располагање сите контигенти со храна што се наоѓаа во Југославија, со ветување дека истото количество ќе го надополнат преку нови пратки за реализирање на редовните програми – „програмата за училишните кујни“ и „програмата за помош на социјално-здравствените установи“. Покрај ова, мисијата CARE вети дека од своите контигенти во Грција ќе испрати брашно, путер и грав за околу 60.000 луѓе (засега не ги знаеме количините), како и неколку илјади типизирани CARE пакети. Нè известија дека од Њујорк побарале одобрување за нови вонредни контигенти за исхрана.

– Исто така, Светската служба на црквите освен ставањето на располагање на продуктите од училишната програма (брашно, млеко, масти), испрати и претставник на својот Совет, господинот Кинг, заради договор за упатување на апел до сите нивни организации, како што направија во случајот на Агадир,[21] кога биле собрани 500.000 долари. Во разговорот со д–р Павле Григоровиќ, кој го прими во Централниот одбор, господинот Кинг изјави дека ќе упати апел за собирање парична помош и дека се подготвени тие средства да се употребат за изградба на населбите, односно на одредени објекти во Скопје.

– „Оксфордскиот комитет за помош на гладните“[22] во име на својата организација и во име на уште други 4 хуманитарни организации од Англија, испрати двајца претставници кои донесоа чек во износ од 15.000 фунти стерлинзи и една монтажна зграда. На 1 август отпатуваа во Скопје, по што ќе следи нареден договор.

– На 29 јули, Лигата на друштвата на Црвениот крст го испрати својот директор на социјално-здравственото биро, господинот Ханчев, кој заедно со претседателот на Централниот одбор, д–р Грегориќ, го посетија Скопје. Тој изјави дека според негова проценка, апелот на Лигата

[20] Лутеранска светска помош (Lutheran World Relief) – меѓународна невладина организација која се фокусира на проекти за одржлив развој и помош и закрепнување при катастрофи. Формирана е во 1945 г. во САД, со задача собирање и испраќање помош на населението во Европа по Втората светска војна.

[21] Се однесува на катастрофалниот земјотрес во 1960 г. во градот Агадир, Мароко, кога Лигата на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина забележала клучно учество во координирање на меѓународната кампања за помош.

[22] Оксфордски комитет за помош на гладните (Oxford Committee for Famine Relief - OXFAM) – британска конфедерација од независни добротворни организации фокусирана врз ублажување на глобалната сиромаштија. Формирана е во 1942 г. и дејствува во рамки на Oxfam International.

за давање помош на Скопје наишол на исклучителен одзив кај националните друштва. Тоа зборува за угледот што нашата земја го ужива во светот. Според неговиот извештај, вредноста на досега упатената пристигната материјална помош изнесува околу 1.100.000 швајцарски франци. Претставникот на Лигата донесе чек во вредност од 30.000 швајцарски франци како помош од Лигата. Исто така, понудено е Југословенскиот Црвен крст да преземе грижа за организирање на тримесечна исхрана за 50.000 лица од средства што би ги обезбедила Лигата. Оваа понуда, во основа, е прифатена.

– Меѓународниот комитет на Црвениот крст стави на располагање 1 000 000 динари, на име на нивна помош.

Освен наведеното, парична помош упатија 11 национални организации директно или преку Лигата и тоа:

| | |
|---|---|
| Норвешка | 100.000 круни (за купување во Норвешка) |
| Австралија | 10.500 фунти |
| Канада | 5.000 долари |
| САД | 10.000 долари |
| Франција | 20.000 франци |
| Јапонија | 1.104 долари |
| Луксембург | 1.000 швајц. франци |
| Монако | 5.000 франци |
| Нов Зеланд | 1.000 фунти |
| Велика Британија | 5.000 фунти |
| Кина | 25.000 јуани |

Во целина, треба да се истакне дека повеќето организации досегашните пратки ги сметаат само како итна помош и тоа во смисол на изразување ветување дека ќе преземат мерки за собирање средства и доделување таква помош која ќе означува потрајни решенија. Досега е добиена помош во следните количини: 22 специјални авиони, 37 пратки испратени преку редовни авионски линии, 13 вагони и 26 камиони.

По првите пратки со лекови, санитетски материјал и крвна плазма, нашите договори, во првите моменти, ги ориентираа на испраќање шатори, кревети и ќебиња. Од нашата страна, како најефикасна особено е нагласена помошта во пари, монтажни згради и евентуално изградба и опремување на здравствено – социјалните установи.

Повеќе организации, дали преку амбасадите или индивидуално, понудија помош за прифаќање на децата (Швајцарскиот и Унгарскиот Црвен крст, „Словенската културно економска звеза“[23] од покраината Трст, Бугарија и др.). До сега не прифативме ваков вид помош, но ниту дефинитивно одбивме, сѐ додека не го согледаме проблемот на сместување на децата во целина. Во таа смисла е одговорено и на организациите.

***

Веќе е напоменато дека организацијата на Црвениот крст од почетокот на акцијата се вклучи во соодветните штабови и се ангажираше во спасување на повредените и од првиот ден, во дарувањето крв. Само во првите три дена, според нецелосни податоци, дале крв повеќе од 8000 граѓани, од кои само во Белград 3000. Оваа акција и натаму продолжува во согласност со можностите на здравствените служби, за да се надоместат потребните резерви.

Заедно со секретаријатите и со други општествени организации, при Црвениот крст се формирани посебни одбори за згрижување на децата и младината, како и на останатите бегалци. И Црвениот крст, за сместувањето на децата, ги стави на располагање сите капацитети на своите опоравувалишта и летувалишта.

Според податоците што ги добивме преку Главниот одбор на Црвениот крст, сместени се 26.514 лица, од кои 865 се сместени во здравствени установи, 5.200 во домови и 20.466 во семејства (овој податок треба да се прими со резерва заради неорганизираното доаѓање на голем број семејства кои се доселуваа во комуните во близина на Скопје, а особено на подрачјето на Космет).

Во Хрватска се сместени 2.894 лица, во Словенија 722, во БиХ 364 и во Црна Гора 315 лица.

Кај евакуацијата има уште доста неорганизираност (неблаговремени известувања за испраќање на транспортите во местото на прифаќање, испраќање на луѓето без документи, недоволна придружба при транспортите, особено на детските транспорти, необезбедување на основните хигиенски услови). Од своја страна, Црвениот крст презеде мерки да се надминат тие слабости, особено при прифаќањето. Така, на сите

[23] Словенски културно економски сојуз (Slovenska kulturno gospodarska zveza, SKGS) – невладина организација на словенечкото малцинство во Италија. Формиран е во 1954 г. во Трст, една година подоцна во Горица и во 1958 г., двете организации се обединуваат.

пунктови, аеродроми, железници, во домовите каде што се сместени бегалците во здравствените установи, е организирано прифаќање и дежурства од страна на активисти на Црвениот крст.

Перманентни дежурства се заведени во одборите на Црвениот крст, одредени за прифаќање на настраданите.

Со оглед на тоа дека голем број бегалци од Скопје неорганизирано пристигнаа на територијата на Космет, на Санџак, на Врање, каде инаку хигиенските прилики се тешки, Црвениот крст им укажа на здравствените служби на потребата за преземење поефикасни профилактички акции и им ја понуди својата помош.

Централниот одбор на Црвениот крст, со директни посети од страна на претседателот и повисоки функционери, во повеќе наврати непосредно контактираше со Главниот одбор во Скопје и ја пружи потребната помош.

Во последните денови се воведени повеќе системи при распределбата на пристигнатите пратки, така што, во прв план, во придружба на активисти на Црвениот крст, се испраќаат шатори и најитни материјали за сместување на луѓето, а во магацин се ставаат помалку итни работи кои подоцна ќе се распределат во согласност со требувањето на организацијата на Црвениот крст, којашто е активна на територијата каде се наоѓаат бегалците.

Во Централниот одбор од почеток е организирана служба за информации за настраданите во Скопје. Заради личното доаѓање на голем број граѓани кои бараат информации за роднините, пристигнуваат бројни телефонски и телеграфски барања од земјата и од странство. Засега, врз основа на проверка на списоците со повредени и загинати лица кои пристигнуваат сукцесивно, нашата служба е во можност само да дава одговори дали имињата на бараните се наоѓаат во досега добиените списоци на повредени, загинати и во списоците на лицата што се евакуирани во Белград или кои поминале низ белградскиот прифатен центар на железничката станица.

Потешкотија претставува и прифаќањето на странските посетители и обезбедувањето на нивниот транспорт во Скопје како и притисокот од страна на службеници на поединечни амбасади кои, покрај контактот со ДСИП,[24] се обраќаат уште до Централниот одбор. Се обидуваме овие врски да ги координираме со Секретаријатот на Сојузниот одбор за донација и помош на Скопје.

[24] ДСИП – Државен секретаријат за надворешни работи.

Исто така, и покрај тоа што од почеток Централниот одбор на ЈЦК укажа дека помош во луѓе не ни е потребна, голем е притисокот од поединечни организации за испраќање стручни лица.

Напоменуваме дека, и покрај нашето настојување за соработка со соодветните одбори, координацијата не е секогаш целосна. Така, ниту во активноста на Сојузниот штаб не се нагласува доволно придонесот и улогата на Црвениот крст, што особено би било значајно заради странство, со оглед на помошта што доаѓа по оваа линија.

За Централниот одбор на ЈЦК,

Претседател

(своерачен потпис)

ПРИЛОГ 1

ПРЕГЛЕД НА НАЦИОНАЛНИТЕ ДРУШТВА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ КОИ ПО ПОВОД НЕСРЕЌАТА ВО СКОПЈЕ, ИСПРАТИЈА ПОМОШ, НАЈАВИЈА ПОМОШ ИЛИ УПАТИЈА САМО ТЕЛЕГРАМИ СО СОЧУВСТВО ДО 1 АВГУСТ

Друштва што веќе испратија помош = 24

| | | |
|---|---|---|
| Шведска | Англија | САД |
| Канада | Норвешка | Франција |
| Финска | Холандија | Бугарија |
| Грција | Западна Германија | Полска |
| Чехословачка | Источна Германија | Израел |
| Унгарија | Италија | Иран |
| Романија | Мароко | Јапонија |
| Австрија | Данска | Швајцарија |

Друштва што најавија помош (со телеграма или по телефон) = 8

| | | |
|---|---|---|
| СССР | Албанија | Турција |

| | | |
|---|---|---|
| Кина | Белгија | Тунис |
| Индија | Алжир | |

Изјавија сочувство = 9

| | | |
|---|---|---|
| Бурма | Шпанија | Авганистан |
| Филипини | Аргентина | Пакистан |
| Чиле | Еквадор | Ирак |

*ДАРСМ, Одделение Скопје, ф. 235, к. 2, с. 239-246.*

## БИБЛИОГРАФИЈА


Димитријевски, Марјан, Ѓурковска, Лидија, Иванова, Елена. *До видување Скопје до видување граду наш мил. Евакуација на децата по земјотресот во Скопје (1963-1964)*. Паблишер, Скопје, 2016.

Јордановски, Коле. *Скопје. Катастрофа – обнова – искуство.* Матица Македонска, Скопје, 1998.

Матковски, Александар. *Хроника за земјотресот во Скопје (26 јули 1963)*. Култура, Скопје, 1964.

Мирчевска, Катерина, Јанчева, Љубица. *Македонскиот феникс: документи за обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година.* ИНИ, Скопје, 2018.

Мирчевска, Катерина, Јанчева, Љубица. „Полската помош во обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година". *Историја*, 48/1 (2013), 239-246.

Саити, Саит. *Скопје пред и после земјотресот.* https://ckrm.org.mk/skopje-pred-i-posle-zemjotresot/ (пристапено на 19.05.2023).

Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче. *Заробена вистина.* Култура, Скопје, 2003.